

# МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА

## ЦРКОВНА ОПШТИНА СВЕТА ТРОИЦА-МИНХЕН

СОДРЖИНА:


Вовед 1

За бракот 2

Активности/ Настани 3

Апел 4




## ПОЧИТУВАНИ ВЕРНИЦИ,

полека се приближуваме до годишните одмори кои многумина од нас со нетрпение ги очекуваат. Секако, тоа е период кога најголемиот дел од нас патуваат за Македонија, во посета на своите родни места и своите најблиски. Меѓу другото, оваа прилика исто така може да ја искористиме и за посета за многу свети места низ Македонија, цркви и манастири, како би се запознале малку повеќе со историјата и значењето на тие духовни центри. Ова е од особена и голема важност за нашите деца, да ја запознаваат нашата вера, нашата култура и нашата историја. Трудете се при овие посети да се запознавате со историските периоди во кои се изградени тие храмови, со иконите и фреските кои се во истите насликани. На тој начин, стекнуваме едно богатство кое се вика знаење за сопствената вера, за сопствената историја. Образувајќи се во тој контекст, нашето знаење можеме да го предаваме понатаму и на оние луѓе кои немале можност да бидат на тие места, па да пробудиме кај секого желба за посета на истите.

Драги верници,
исто така, ја користам оваа прилика да се заблагодарам на сите оние кои што неизмерно ја сакате и почитувате нашата црковна општина Св. Троица во

Минхен. Присуството на богослужбите во голем број, не само како посетители туку и како активни учесници во литургискиот живот, ја покажува вашата љубов кон Бога и желбата Нему да му се служи. Покрај светотаинскиот живот, секако дека тука е и делот на организација на богослужбите, помошта од секоја природа за одржување на истите во кој несебично се вклучуваат и залагаат голем број на наши верници. Се надевам дека ќе продолжиме и во иднина со исто темпо и секогаш со мислата дека: Она што го правиме, го правиме во Слава на Бога. Љубовта која ја имаме кон Бога, да ја споделуваме на начин на кој што знаеме, секој според своите можности.

На крајот од овај текст, ви посакувам добри одмори на сите и нека Господ Бог ве чува на патот по кој ќе патувате, а на оние кои остануваат исто така Божји благослов и секое добро од Бога.

Парохиски свештеник
Отец Миле Велјановски

# ЗА БРАКОТ

Бракот е една од седумте Свети Тајни на православната црква, која својата основа ја има во Стариот завет, односно во создавањето на нашите прародители Адам и Ева, а својата потврда ја добива со присуството и чудото кое го направил Господ Исус Христос на свадбата во Кана Галилејска Јн.2,1-11. Имено, кога за време на свадбата на која што бил поканет Христос со неговата мајка, снемало вино, тој заповедал да се наполнат садовите за вино со вода и истите откако ги благословил, водата се претворила во вино.

Бракот, драги браќа и сестри, го претставува единството помеѓу Христос и Црквата. Затоа, светоста на бракот е голема, односно треба да се почитува и да се негува со големо внимание. Во бракот двајцата сопружници се должни да се почитуваат и да ја покажуваат својата љубов еден кон друг, а понекогаш и да го превземат товарот на жртва еден за друг. Бракот е основа за добар христијански живот, па затоа уште и се вели дека, семејството, во чија основа го има бракот, е мала црква. Бракот исто така е клетка од која подоцна се почнува и со воспитување на децата. Какви се родителите во брачните односи, така ќе бидат и децата воспитувани. Затоа, да се трудиме да ги почитуваме брачните завети: чистотата, верноста, посветеноста во бракот, за да не ја погазиме светоста на бракот, а воедно да го достигниме спасението на душата.

# АКТИВНОСТИ/ НАСТАНИИ

- На 06.03.2025 во посета на нашата црковна општина беа преставници од здружението Фрауен Католишебунд
- На 29.04.2025 зедовме учество на традиционалната средба Остернкафе во организација на Католичката црква
- На 21.05.2025 имаше екуменска средба со црквата домаќин, Св. Маргарета
- На 03.06.2025 парохискиот свештеник одржа предавање на тема ,,Православие" за група католички и евангелистички верници
- На 08.07.2025 парохискиот свештеник одржа предавање на тема ,,За страстите"
- На 13.07.2025 нашата црковна општина беше посетена од Др. Бернард Лис, декан на Евангелистичката црква во Минхен





# АПЕЛ

Ги повикуваме сите верници кои се во можност и сакаат да ја помогнат нашата црковна општина, тоа да го направат преку месечен прилог кои сами ќе го одредат во форма на Dauerauftrag на црковното конто:

**Mazedonische Orthodoxe Kirchengemeinde Sv.Troica e.V.**
**IBAN: DE30 7025 0150 0950 0047 05**
**BIC: BYLADEM1KMS**

За донација до 300 евра годишно, доволно е преку контоаусцуг да вратите дел од данокот. За оние донации над 300 евра, ќе добиете потврда од нашата црковна општина за да вратите дел од данокот.

Ви благодариме за помошта!

# Корисни информации:

Адреса на храмот:
Plinganserstr. 1, 81369 München **(klikni)**
Свештеник: отец Миле Велјановски
тел. 0176 95676547
www.mpcminhen.de **(klikni)**
info@mpcminhen.de
www.facebook.com/mpcminhensvtroica
**(klikni)**

Годишен распоред на богуслужби **(klikni)**